ЕДБ МК 4030005573069
ж-сметка: 240-010000919055
Уни Банка Ад Скопје

ул.Бул. Илинден 29 3/4
Скопје - Македонија
00389 2 310 99 54
www.bauerbg.mk
e-mail: info@bauerbg.mk

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Со внимание ја проследивме репортажата објавена во Вашата емисија на МРТ на ден 26.03.2026 година, која се однесува на реконструкцијата на поранешениот објект на Комерцијална Банка АД Скопје, каде ДГТУ БАУЕР БГ ДООЕЛ Скопје се јавува како Изведувач на работите согласно Договорот за јавна набавка склучен со Службата за општи и заеднички работи на Република Македонија (СОЗР) како договорен орган.

Во прилогот се повикувате на истражување направено од страна на Центарот за граѓански комуникации, каде што е објавено дека рокот за изградба на објектот е продолжуван два пати, дека се склучувани Анекси кон Договорот и дека СОЗР не преземала правни мерки согласно Договорот за негово раскинување и активирање на банкарската гаранција.

Заради целосно и правилно утврдување на фактите и околностите кои придонесоа за пролонгирање на рокот за изведба на објектот, како и за потребата од склучување на Анексите кон Договорот, како општествено одговорна компанија имаме и чуствуваме обврска да ја информираме јавноста за следното:

Продолжувањата на рокот за изведба на објектот, склучените Анекси кон Договорот и сите преземени активности во врска со истото се направени во согласност со договорните одредби, одредбите од Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи, како и другите позитивни законски прописи.

Имено, во текот на изведбата се појави потреба од продолжување на рокот за изведба на објектот бидејќи се констатираа недостатоци во проектните решенија, за кои беше потребна изработка на нови ревидирани технички решенија. Како Изведувач не можеме и не смееме да изведуваме позиции кои можат да ја нарушат функционалноста на објектот, а поради обемноста на измените во проектот, се до пронаоѓањето на нови технички решенија и нивна изработка се соочуваме со застој во работата.

Како најзначајна причина за пролонгираниот рок е доцнењето со изработка на новите ревидирани технички решенија, за што постои обемна документација, а истите беа изработувани поради потполна неможност за изведба на голем број позиции согласно Основниот ревидиран проект.

Причината за ваквата состојба е заснована на тоа дека во фазата на проектирање и ревидирање, од страна на Проектантите не е извршен увид во целиот објект, а грешките во истиот не се корегирани ниту од страна на Ревидентот, што доведува до големи застои во изведбата, неможност за континуиран процес во изведбата, финансиски импликации, односно појава на вишоци и кусоци, како и непредвидени работи.

Од страна на Инвеститорот-СОЗР, Надзорот, како и од страна на нас како Изведувач, од самиот почеток со изведбата преземени се сите неопходни мерки за изработка и доставување на ревидирани технички решенија.

Доцнењето на роковите на изведба и на нас како Изведувач ни создава дополнителни финансиски трошоци, големи проблеми во менаџирањето на сопствените човечки ресурси, навремена набавка на потребните материјал, нивна достава, распределување на механизацијата, исполнување на нашите договорни обврски со добавувачите за сите фази од изведбата, како и финансиска предвидливост и менаџирање во рамките на фирмата.

Целта на нашата компанија е изградба на квалитетен и функционален објект кој ќе им служи на потребите на државните органи кои ќе бидат сместени во истиот, со професионален пристап, почитување на сите договорни обврски, како и високи стандарди на безбедност и одржливост.

Со почит,

БАУЕР БГ ДООЕЛ Скопје